ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

# БАЛКАНОТ И БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ – ПАРАЛЕЛИ ВО ИСТОРИЈАТА И ВО СОВРЕМЕНОСТА



СТРУМИЦА, 2021

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

Одделение за историја и историско културно наследство

Едиција – научни собири

Книга 5

INSTITUTE FOR PROTECTION OF THE MONUMENTS OF
CULTURE AND MUSEUM - STRUMICA

# THE BALKANS AND THE BALKANS PEOPLE – PARALLELS IN HISTORY AND MODERNITY

Strumica
2021

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

# БАЛКАНОТ И БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ – ПАРАЛЕЛИ ВО ИСТОРИЈАТА И ВО СОВРЕМЕНОСТА

Струмица
2021

**Уредник**
Васил Ѓоргиев-Ликин

**Редакција:**
Петар Намичев
Мирјана Нинчовска
Драган Георгиев

**Корица:**
Идеја: В. Ѓоргиев - Ликин
Цртеж: З. Ријак
Компјутерска подготовка: Н. Новески

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

94(=163:497)(091)

БАЛКАНОТ и Балканските народи - паралели во историјата и во современоста : [зборник на трудови] / [уредник Васил Ѓоргиев-Ликин]. - Струмица : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2021. - 181 стр. : илустр. ; 25 см. - (Едиција Научни собири ; кн. 5)

На наспор. насл. стр.: The Balkans and the Balkans people - parallels in history and modernity. - Текст на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 180-181

ISBN 978-608-4845-12-6

а) Балкански народи -- Историја б) Балкан -- Историја

COBISS.MK-ID 55375621

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

# БАЛКАНОТ И БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ – ПАРАЛЕЛИ ВО ИСТОРИЈАТА И ВО СОВРЕМЕНОСТА

## <u>СОДРЖИНА</u>


**Воведни напомени** ........................................................................ 7

**INTRODUCTORY NOTES** ........................................................................ 9

**Васил Ѓоргиев-Ликин**, Историски скици и белешки од средновековното минато на Македонија и на Балканот ........................................................ 11

**Александар Трајановски**, Македонското прашање во канџите на европските и балканските земји, од крајот на XIX и почетокот на XX век ........................ 24

**Петар Намичев, Екатерина Намичева**, Надворешната декорација на традиционалната куќа во Македонија од 19 век ........................................ 48

**Мирјана Нинчовска и Драган Георгиев**, Балкански мостови преку музејски фондови ........................................................................ 63

**Виктор Недески**, Феноменот на "Самоповиканите Маченици" на Балканот во Османлискиот период ........................................................................ 74

**Јован Јоновски**, Грбовите на балканските земји ........................................ 85

**Иван Нацевски**, Знамињата на соседните земји на Македонија .............. 107

**Александар Литовски, Роберто Трајковски**, Прилог за дефинитивното ослободување на Струмица (крај на октомври – почеток на ноември 1944 година) ........................................................................ 125

**Иван Котев**, Современата состојба на македонската народна приказна од Струмица и Струмичко ........................................................................ 137

**Ана Витанова – Рингачева**, Арапот – Архетип или споделена вредност во културната меморија на балканските народи ........................................ 157

**Стефан Цветановски**, Византиски пристап кон меѓурелигискиот дијалог: Современо читање на Дваесет и шест дијалози со еден учен персиец од Мануел II Палеолог ........................................................................ 171

94:27-34(496.02:497)

**Виктор Недески**
Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје

# ФЕНОМЕНОТ НА „САМОПОВИКАНИТЕ МАЧЕНИЦИ“ НА БАЛКАНОТ ВО ОСМАНЛИСКИОТ ПЕРИОД

Терминот новомаченик за првпат се користи во периодот на иконоборството, за да ги издвои мачениците од овој период од мачениците од првите векови. Но, денес се однесува на оние кои пострадале за Христа, од падот на Византија до денес[1]. Оваа појава е карактеристична за сите христијански народи кои се наоѓале под османлиска власт. Бројот на новомачениците останува неодреден, а веројатно е многу голем. Кесариј Дапонде забележува дека нивниот број е „над илјада и повеќе“[2], а Ерусалимскиот патријарх Нектариј пишува дека „нема град и место каде што не е пролеана крвта на нашите православни христијани“[3]. Во Новиот маченикослов, свети Никодим Светогорец наведува 94 имиња на новомаченици[4], но вистинскиот број, секако, е многу поголем бидејќи науката постојано открива нови случаи на новомаченичштво од османлискиот период.

Појавата на новомачениците го покажува силно врежаниот христијански идентитет кај верниците и континуитетот на Црквата од древните времиња до денес. Православието е природниот континуитет на христијанската древност со која е органски и нераскинливо поврзано. Затоа, ентузијазмот на новомачениците кој посебно се изразува со доброволно пристапување кон маченичштвото, не претставува маргинален феномен, ниту пак се ограничува на неколку изолирани примери. Меѓутоа, историчарите кои се занимаваат со времето на новомачениците, се обидуваат да дадат некои логички и субјективни одговори на одредени прашања. Ова се однесува на изложувањето и толкувањето на историските околности и причини, кои придонеле за појавата на новомачениците.

Секако, за да се одговорат овие прашања, потребно е многу труд и време. Овде ќе бидат наведени само одредени општи историски сличности

[1] Δ. Τσάμη, Αγιολογία της Ορθόδοξης Εκκλησίας, Θεσσαλονίκη, 2010, 108-109.
[2] Κ. Δαπόντε, Ιστορικός κατάλογος ανδρών επισήμων (1700-1784), Μεσαιωνική Βιβλιοθήκη, τ. 3, Βενετία, 1872, 134.
[3] Ι. Αναστασίου, Σχεδίασμα περί των Νεομαρτύρων, Μνήμη 1821, Θεσσαλονίκη, 1971, 16; Χ. Παπαδοπούλου, Οι Νεομάρτυρες, Αθήνα, 1922, 9.
[4] Νικοδήμου Αγιορείτη, Νέον μαρτυρολόγιον : ήτοι μαρτύρια των νεοφανών μαρτύρων των μετά την άλωσιν της Κωνσταντινουπόλεως κατά διαφόρους καιρούς, και τόπους μαρτυρησάντων. Συναχθέντα εκ διαφόρων συγγραφέων, και μετ' επιμελείας ότι πλείστης διορθωθέντα και συν θεώ το μεν πρώτον εκδοθέντα, δια συνδρομής φιλοχρίστων, και φιλομαρτύρων Χριστιανών, των εν τη Ευρώπη πραγματευομένων. Νυν δε το δεύτερον εκδίδονται δαπάνη Στεφάνου Κωνσταντίνου Σκαθάρου του εξ Αθηνών εις κοινήν των Ορθοδόξων Χριστιανών ωφέλειαν, Αθήνα, 1856.

помеѓу епохата на раните маченици на Црквата и новомачениците. Римската и Османлиската Империја имаат некои слични карактеристики кои се особено важни за нашава тема. И двете го изразуваат авторитарниот дух на државниот тоталитаризам. Еден таков политички систем нема за цел само да ја задржи и да ја зацврсти државната власт, туку и да го осмисли човечкиот живот, што резултира со ограничување на духовната слобода на поединецот. Токму оваа политика доаѓа во конфронтација со мисијата и дејноста на Црквата во светот. Неизбежниот судир помеѓу живата Црква, од една страна, која за единствен судија на совеста Го признава Бога, и тоталитарната држава, од друга страна, е основната причина за појава на мачениците во Црквата, сѐ до денешно време. Исто така, во османлиската држава постоел слеп верски фанатизам кој во отсуство на државно право и во недостиг на правосудна организација, оставал широк простор за поединечно или групно самоволие. Дополнително, непремостливата културолошка разлика помеѓу потчинетите христијани и османлиската власт, ја отежнувала посериозната соработка помеѓу нив. Спротивно на ова, отсуството на културолошка разлика помеѓу Римската Империја и Црквата создало услови за комуникација, што довело до постепена христијанизација на Империјата[5].

Овие особености на Османлиската Империја ги создале условите и ги поставиле рамките за повторна појава на маченици во Црквата и оживување на ентузијазмот кај христијаните. Од друга страна, особеностите и апсолутните теократски уредби на исламот, биле причина за голем број новомаченици, чиј број би требало да го надминува и бројот на мачениците од древната Црква. Учењето на Куранот дава одредена слобода на верување и е толерантно кон христијанството. Затоа присилната исламизација по правило била недозволена и Османлиите ја остварувале со најразлични форми и преку лажни обвиненија, со цел да ги принудат христијаните да се исламизираат. Така, освен индивидуалната исламизација, која се должела главно на должноста што ја чувствувал секој благочестив муслиман да исламизира барем еден христијанин[6], постојат и групни исламизации, особено во Мала Азија, Албанија и Босна, Јужна Бугарија и Западна Македонија[7]. Дополнително, била предвидена смртна казна за секој муслиман кој ќе ја променел верата, независно од тоа на кој начин го примил исламот – доброволно или принудно. Христијанинот

[5] Τσάμη, op. cit., 109-111.

[6] Како што информира Abu Musa, Мухамед учел дека секој муслиман кој ќе испрати во пеколот еден христијанин или јудеец, ќе постигне спасение. Види: Γ. Ζιάκα, Η περί εσχάτων διδασκαλία του Ισλάμ, Επιστημονική Επετηρίς της Θεολογικής Σχολής του Πανεπιστημίου Θεσσαλονίκης, 20, Θεσσαλονίκη, 1976, 386-387. Понекогаш се случувало и христијани од завист да наклеветат други христијани пред османлиската власт и така да предизвикаат маченичка смрт на наклеветените. Карактеристичен е примерот кога клеветите на епископот на Арта Акакиј и не епископот Максим, станале повод за маченииштвото на монахот Јаков и српскиот архиепископ Гаврил. Види: Αναστασίου, *op. cit.*, 24.

[7] Αναστασίου, *op. cit.*, 9-11, 15, 32.

кој станувал муслиман, автоматски добивал значајни права, како што се ослободување од даноци, напредување во повисоки чинови, финансиска корист, ослободителна пресуда од османлиските судови, независно за какво дело се товарел, општествено признание и др.

Во ваква ситуација, било очекувано и во периодот на османлиското владеење, во православната Црква да се појави „нов бран маченици". Свети Никодим Светогорец пишува: Бог благоволи да се појават новомачениците бидејќи тие ја обновуваат православната вера, ги оставаат без оправдување на судот оние кои ја промениле верата, претставуваат слава и пофалба на православието и испитување на зловерните, претставуваат пример за трпение на православните и ги мотивираат христијаните, а особено оние кои се откажале од Христа да ги подражаваат на дело.

Новомачениците можат да се поделат на пет категории:

а) Во првата категорија спаѓаат сите оние новомаченици кои пострадале во најразлични секојдневни ситуации при кои дошле во судир со официјалната нехристијанска власт или со одредена група на муслимани кои го предизвикале мачеништвото над христијаните користејќи ја нивната верска определба. Во оваа општа и најбројна група на новомаченици спаѓаат и новомачениците кои биле наклеветени пред власта поради завист од некој муслиман и потоа им било понудено да се искупат за несторениот грев кон власта со тоа што ќе ја променат својата вера. Откако тоа го одбивале овие христијани страдале маченички. Овде спаѓаат и сите христијани, клирици, лаици и монаси кои биле нападнати од муслиманските разбојнички банди и биле мачени и убивани само затоа што биле христијани.

Чести се и случаите кога одредени христијански девојки кои одбивале насила да стапат во брак со некој османлиски благородник, или да бидат обесчестени, својот живот го завршувале маченички[8]. Неспорно доколку тие се согласеле на ваквиот чин ќе добиеле овоземни почести или во најмала рака живот далеку поудобен од оној на христијаните. Ваквите девојки формираат и една подгрупа и се именуваат како девственомаченички.

б) Во втората категорија спаѓаат муслиманите кои примиле христијанска вера и пострадале маченички. Таквите случаи не се малубројни, но остануваат помалку познати. На пример, знаеме дека 23 покрстени Турци пострадале во 1649 г. во Тиатар во Мала Азија, Ахмед Калфа во 1682 г. во Константинопол, а Константин од Агарјаните во 1819 г. Во Епир исто така се познати доста вакви случаи[9].

[8] Освен од агиолошките текстови, вакви случаи се познати и од многу народни преданија од Македонија. Види: Т. Вражиновски, Македонски народни преданија, Скопје, 1986, 137-149.

[9] Νικοδίμου Αγιορείτη, op. cit., 101 и 272-280; A. Carayon, Relations inédites des missions de la Compagnie de Jésus a Constantinople et dans le Levant au XVIIe siècle, Poitiers, 1864; Δ. Σαλαμάγκα, Ο Νεομάρτυρας άγιος

в) Во третата категорија спаѓаат оние кои пострадале како последица на некое политичко востание или негирање на османлиската власт[10], како на пр. во востанието на Дионисиј Лариски, а посебно во востанијата од 1821 г. како последица на што маченички пострадал патријархот Григориј V, а со него и многу други, особено солунски новомаченици од кои многумина биле светогорски монаси[11], и мачениците од други области. Треба да се истакне дека би било погрешно овие новомаченици да се карактеризираат како политички маченици, поради нераскинливата врска на Црквата со ромејството. Од друга страна, согласно со утврдената практика на Османлиите, тие би можеле да си го спасат животот, доколку се одречеле од Христос.

г) Четвртата група е сочинета од христијаните кои биле водени од силна желба да пострадаат за љубовта кон Христа. Тие ги предизвикувале османлиите и поради тоа биле осудувани на маченичка смрт[12].

д) За крај, една посебна група е составена од христијани кои ја промениле својата вера, за што подоцна се покајале. Со цел да бидат помилувани за гревот што го направиле, тие станувале „самоповикани маченици" со нивното доброволно прибегнување кон мачеништво. Групата на маченици „од отстапниците" предизвикала голем историски и богословски интерес и затоа на оваа тема ќе биде посветено поголемо внимание.

Многумина од мачениците „од отстапниците", по нивното враќање во Црквата, се поврзале со Света Гора и таму биле подготвувани за нивното свесно и доброволно мачеништво. Повеќето од нив отстапиле од христијанската вера во младоста од различни причини (злоупотреба, незрелост, несериозност, економски причини, насилство и закани од Османлиите и др.). Кога подоцна се покајале, прибегнале на Атос и под раководство на нивниот духовник се предале на мачеништво. Постојат и случаи на светогорски монаси кои станале мухамеданци, како што се Прокопиј и Атанасиј Лавриот. Овие монаси кога станале свесни за своето отстапништво, се покајале, го исповедале Христа и пострадале маченички[13]. Значајно е да се спомене дека многумина

Γεώργιος Ιωαννίνων, Αθήνα, 1954, 13-14.

[10] За новомачениците од оваа група, види: Αναστασίου, *op. cit.*, 53 et seq.

[11] Види: Ι. Μαμαλάκη, Δοσιθέου Κωνσταμονίτου, Νέον υπόμνημα των νεοφανών ιερομαρτύρων και οσιομαρτύρων, Γρηγόριος ο Παλαμάς, 46, Θεσσαλονίκη, 1963, 332 et seq.

[12] На пример, светогорскиот монах Нифонт со дозвола на патријархот Нифонт им Го проповедал христијанството на Турците во Солун, со што го предизвикал своето мачеништво. Сличен е случајот и со светогорскиот монах Кипријан и со многу други. Види: Νικοδήμου Αγιορείτη, *op. cit.*, 50 et seq., 90 et seq.; Αναστασίου, *op. cit.*, 25.

[13] Μακαρίου Νοταρά, Νέον Λειμωνάριον περιέχον μαρτύρια παλαιά και νέα και βίους οσίων / ά τινα εσυνάχθησαν παρά του αοιδίμου Μητροπολίτου Κορίνθου Κυρίου Μακαρίου Νοταρά. Οις προσετέθησαν και τα του Τριωδίου και Πεντηκοσταρίου Συναξάρια, Μεταφρασθέντα παρά του Σοφολογιωτάτου Διδασκάλου Κυρίου Αθανασίου του Παρίου. Προς τούτοις και ασματικαί Ακολουθίαι εις διαφόρους Νεομάρτυρας Φιλοπονηθείσαι παρά του Πανοσιολογιωτάτου Κυρίου Νικηφόρου του Χίου. Νυν πρώτον τύποις λαμπροίς εκδοθέν Δια φιλοτί-

светогорци новомаченици „од отстапниците“ – како што се познатите преподобномаченици Ефтимиј, Игнатиј, Акакиј и Онуфриј – го започнале патот кон своето мачеништво од Иверскиот скит Свети Јован Крстител и потекнувале од истото братство[14].

Овој скит бил основан од преподобен Јаков Нови Костурски, кон крајот на XV век[15]. Свети Јаков, заедно со уште двајца свои ученици – ѓаконот Јаков и монахот Дионисиј, пострадале во Едрене (Адријанопол) на 1 ноември 1519 г.[16]. Маченичкиот крај на основачот на скитот придонел за создавање на филомаченичка традиција со силен ентузијазам, што е неопходен услов за пристапување кон доброволно мачеништво. Така, не е случајно што од овој мал скит произлегле осуммина познати новомаченици.

Главната причина која поттикнала многумина новомаченици од отстапниците доброволно да се јават пред Османлиите и да пострадаат маченички, била нивната вера дека само на овој начин можат да се ослободат од гревот што го направиле со тоа што се откажале од Христа во одреден момент од нивниот живот. Сличен бил ставот на Црквата и во првите векови. Иако Црквата од крајот на II век го забранила свесното пристапување кон мачеништвото, во случајот со отстапниците не само што не го забранувала туку и го поттикнувала[17]. Причината била тоа што го сметала мачеништвото за „славно очиступање“ и го изедначувала со крштението[18]. Затоа од своја страна, во своето исповедание пред Османлиите, преподобномаченикот Акакиј, објаснувајќи ги причините за неговото доброволно предавање, го вели следното: „...со пролевањето на мојата крв го мијам моето измачено тело од нечистотијата на заблудата“[19].

Уверувањето на христијаните дека во овој свет се „гости и придојдени“ и дека нивната вистинска татковина е Небесното царство, ги поттикнувало членовите на Црквата да не жалат за овој привремен живот и да го насочат своето внимание кон вечниот, што пак, ја будело и желбата што поскоро да се населат во својот вистински дом – кај Бога[20]. Есхатолошкиот ентузијазам кој произлегувал од овие ставови и

μου δαπάνης των τιμιωτάτων φιλοχρίστων Συνδρομητών των εν τω τέλει της Βίβλου ονομαστί καταγραφέντων, εις κοινήν απάντων των ορθοδόξων ωφέλειαν, Εν Βενετία, 1819, 248-253; Α. Γλαβίνα, Ο εκ Λήμνου Νεομάρτυς Αθανάσιος, Γρηγόριοε ο Παλαμάς, 62, Θεσσαλονίκη, 1979, 326-328.

[14] Види: Ονουφρίου Ιβηρίτη, Ακολουθίαι και μαρτύρια των αγίων ενδόξων τεσσάρων νέων οσιομαρτύρων Ευθυμίου, Ιγνατίου, Ακακίου και Ονουφρίου, των εν τοις εσχάτοις καιροίς υπέρ Χριστού αθλησάντων, Αθήνα, 1862.

[15] Види: Γ. Σμυρνάκη, Το Άγιον Όρος, Αθήνα, 1903, 481-482.

[16] За новомаченикот Јаков и неговите двајца ученици види: Νικοδήμου Αγιορείτη, *op. cit.*, 38-44.

[17] Ι. Κοτσώνη, Το ενθουσιαστικόν στοιχείον εις την Εκκλησίαν των μαρτύρων, Αθήναι, 1952, 21.

[18] Κλήμεντα Αλεξανδρέα, Στρωματείς 4, 9, PG 8, 1284C и 4, 16, PG 8, 1309C; Ωριγένη, Των εις το κατ’ Ιωάννην Ευαγγέλιον Εξηγητικών 6, 36, PG 14, 293AB.

[19] Ονουφρίου Ιβηρίτη, *op. cit.*, 111.

[20] Види: Δ. Τσάμη, Εισαγωγή στη σκέψη των Πατέρων της Ορυόδοξης Εκκλησίας, Θεσσαλονίκη, 1992, 180 et seq.

верата во еден преобразен свет и живот во Христа, довеле до феноменот – христијаните да пристапуваат кон маченииштвото со копнеж и радост. Трогателните зборови на апостолот Павле: „Јас сум готов не само да бидам врзан, туку и да умрам во Ерусалим за името на Господа Исуса“[21] и „сакам да умрам и да бидам со Христа, бидејќи тоа е многу подобро“[22], маченичкиот крај на апостолите, посланијата и житието на свети Игнатиј Антиохиски, феноменот на радосно прифаќање на мачеништвото и мноштвото маченици од периодот на гонењата, сведочат за желбата за мачеништво во древната Црква, што било израз на големата љубов кон Христа.

Во древната Црква желбата за мачеништво, а особено доброволното пристапување не била нешто задолжително, но се сметало за посебен дар од Светиот Дух. Свети Атанасиј Велики пишува впечатливо: „блажените маченици во времето на гонењата... кога биле гонети – бегале, ... кога биле наоѓани – страдале маченички. Некои, пак, од нив, сами приоѓале кон гонителите и не го правеле само тоа; веднаш страдале маченички и на сите им станувало јасно дека нивното пристапување било од Духот“[23]. Не станувало збор за несериозна и романтична возбуда – чувство кое не би било доволно за да се издржат суровите мачења, туку станувало збор за еден надлогичен и надумен настан, кој можат да го разберат само оние кои Го возљубиле Бога несебично и со сета сила на душата и биле ободрени од божествената благодат.

Црквата ја прифатила желбата за мачеништво како показател за светост. Но, проблемот кој се создал оттогаш и ги засегнал црковните писатели бил феноменот на доброволно предавање на некои христијани на нивните гонители и доброволното пристапување кон мачеништвото. Овој феномен не ги засегал само христијаните туку и нивните гонители. Дури и Лукијан кој се исмевал со сè, во врска со христијаните, забележува дека „ја презираа смртта и многумина од нив ѝ се предаваа“[24], и проконзулот на Ефес, не можејќи да ја објасни желбата на христијаните да пострадаат, тоа го разбирал како кукавичлук и рекол: „О,кукавици, ако сакате да умрете имате провалии и јамки“[25].

Речиси до крајот на II век, Црквата не зазела став околу ова прашање. Но, кога особено во III век започнал вознемирувачки да расте бројот на самоповиканите маченици и започнале најголемите и најсурови гонења, Црквата со цел да се заштити и да ги избегне опасностите, почнала да не го одобрува доброволното пристапување кон мачеништвото[26].

[21] Дела 21, 13.
[22] Фил. 1, 23.
[23] Μ. Αθανασίου, Απολογία περί τηε φυγής αυτού 22, PG 25, 673A.
[24] Περί της Περεγρίνου τελευτής 13.
[25] Tertullian, Ad Scapulam 5.
[26] Κοτσώνη, *op. cit.*, 20 et seq., 41 et seq.

Врз основа на зборовите Господови: „ ако ве гонат од еден град, бегајте во друг“[27], како и на Неговиот пример кога се обидувал да се заштити во одредени прилики[28], Црквата не само што ги спречувала христијаните доброволно да се предаваат на нивните гонители, туку ги советувала да ги спасат своите животи со бегање. Овој став го прифатиле многумина познати светители, како што се Поликарп Смирнски, Кипријан Картагински, Дионисиј Александриски, Григориј Неокесариски и др.[29].

Овој став на Црквата бил официјализиран со Апостолските уредби (Αποστολικές Διαταγές), а посебно со ставовите на Петар Александриски, на кои Црквата им дала значење на канони и оттогаш се израз на нејзиното учење[30]. Согласно со овој став, Христос не пристапувал самоволно кон мачеништвото секогаш кога можел да се спаси со бегство, а пристапил кога бил принуден. Бегството било сметано за тивко исповедништво и второстепено мачеништво[31]. Во врска со ова свети Григориј Богослов го забележува следново: „законот за мачеништво исто така ни забранува доброволно да одиме да го исполниме или да се штедиме од него ако дојде врз нас; првото е дрскост, а второто кукавичлук“[32]. Овој став го изразува и свети Никодим Светогорец кој вели дека многумина новомаченици „доброволно и самоволно отидоа и пострадаа; ова е опасно и не е толку исправно“[33].

И покрај јасниот став на Црквата во врска со доброволното пристапување кон мачеништвото, постоел еден значаен исклучок кој нашол трогателен израз кај новомачениците. Единствениот случај во древната Црква во кој се дозволувало христијаните самоповикано и доброволно да пристапат кон мачеништвото, бил кога претходно тие се откажале од Христа. Еден отпадник од Христа можел да се искупи само со доброволно предавање на мачеништво[34]. Ова предание на Црквата од периодот на гонењата, била обновена на величествен/торжествен начин во Житијата на четворица светогорски новомаченици. Сите четворица во одреден период од нивниот живот директно или индиректно се одрекле од Христа, а дамката на отстапништвото ја избришале со својата крв.

Во овој контекст важно е посебно да се нагласат насоките и советите кои свети Никодим Светогорец ги упатува кон отстапниците. Овој текст на свети Никодим е сјаен пример и сведоштво за високото вреднување на

---

[27] Мт. 10, 23.
[28] Види: Јн. 11, 54.
[29] Види: Γ. Ράλλη, Μ. Ποτλή, Σύνταγμα των θείων και ιερών κανόνων των τε αγίων και πανευφήμων Αποστόλων, και των ιερών και οικουμενικών και τοπικών Συνόδων, και των κατά μέρος αγίων Πατέρων, τ. 4, Αθήνα, 1854, 25-29.
[30] Κοτσώνη, *op. cit.*, 22-25.
[31] Κοτσώνη, *op. cit.*, 23 и 41.
[32] Γρηγόριο Θεολόγο, Λόγος 43, 6, PG 36, 500D.
[33] Νικοδήμου Αγιορείτη, *op. cit.*, 18.
[34] Види: Ράλλη, Ποτλή, *op. cit.*, 23-25.

новомачениците во Црквата и е еден од најзначајните текстови напишани за мачениците на Православието. Овие упатства ги следат и четворицата споменати светогорски преподобномаченици кои претходно се откажале од верата: „а) да се потчините на искусен и добродетелен духовник, да го исповедате одрекувањето што сте го направиле и сите други ваши гревови, откривајќи му ја и целта која ја имате за маченииштвото, б) да побарате да примите второ помазание со свето миро, според уредбите на нашата света Црква, в) да се повлечете на тивко место и таму секојдневно да се молите на Бога со пост, бдение и солзи за да се смилува на големата грешка што сте ја направиле; и секако, за да ја запали својата божествена љубов во вашите срца и да ве засили во маченииштвото за да го победите ѓаволот и неговите слуги, г) да се причестите со божествените тајни со побожност и благочестие и д) после сето ова, да станете и да отидете на она место на кое некогаш се одрековте од Христа и таму да се одречете од религијата која сте ја прифатиле и да ја исповедате верата во Христа и во ова исповедање да ја пролеете вашата крв и да умрете“[35].

Феноменот на доброволно пристапување кон маченииштвото било очекувано да предизвика реакции и да се појават не само идолопоклонички туку и христијански критики. Идолопоклониците, во нивната немоќ да ја разберат желбата на христијаните за мачеништво и случаите на доброволно пристапување кон него, наведувале различни причини кои според нив ги навеле верниците на тоа, како што се лудило, презир кон живот, алчност, гордост, кукавичлук и др.[36] Слично и Османлиите го припишувале држењето на новомачениците на лудило, омраза, славољубие, безумност, пијанство итн.[37]

Ваквите негативни ставови и мислења не биле ограничени само на гонителите на Црквата. Понекогаш постоеле и христијани кои на доброволното мачеништво, особено од страна на оние кои претходно се откажале од верата, гледале со скептичност или со иронија. За нив оваа постапка била безумство, па дури и славољубие или самоубиство. Ова е причината поради која во житијата на четворицата светогорски преподобномаченици многу често се нагласува нивното смирение, како и тоа дека ги победиле страстите на славољубието и гордоста.

Затоа авторот на Житието на преподобномаченикот Онуфриј протестира со огорченост против овие критики и пишува: „Зарем е праведно, луѓе кои робуваат на бесловесните страсти на плотта да се осмелат да кажат дека поита како диво животно на колење? За човек кој до последниот ден на својата смрт беше исполнет со целосно послушание и смирение, безумните се осмелија да речат дека умрел од

[35] Νικοδήμου Αγιορείτη, *op. cit.*, 19.
[36] Κοτσώνη, *op. cit.*, 13 et seq.
[37] Ονουφρίου Ιβηρίτη, *op. cit.*, 57 et seq.; Αναστασίου, *op. cit.*, 44.

славољубие! Тоа е голема измама на ѓаволот... за да ги спречи... оние кои имаат боговдахновена желба да пострадаат маченички.., да направи верните да се огорчат и да не ги почитуваат овие непобедливи борци како маченици“[38].

За крај, авторот на Житието, сублимирајќи ги вешто ставовите на Црквата за самоповиканите новомаченици од редот на отстапниците, забележува: „Но, Црквата Христова, сите кои од било која причина се откажале од верата во Христа, а потоа се покајале и ја исповедале верата пред тираните и умреле за неа, секогаш, уште од својата древност ги прифатила и ги прифаќа како маченици, почитувајќи ги и прославувајќи ги со годишни празници и оддавајќи им чест со победни песни. Така, го слави и го празнува некогашниот отстапник, а потоа најславен великомаченик Јаков Персиец. Да, во Синаксарот на 11 декември читаме за страдањето на маченикот Миракс, кој во време на владеењето на Комнените во Константинопол, бил заробен од Агарјаните во Египет и се откажал од Христа, а потоа пострадал; неговата света глава која ја чуваат тамошните верници направи многу чуда“[39].

Свети Никодим Светогорец вели дека појавата на новомачениците во периодот на османлиското владеење „е чудо кое е слично како во срцето на зимата да цветаат пролетни цвеќиња и трендафили, како во најдлабоката ноќ да се појави сонце и да стане ден, како во најголемиот мрак да се појави најсјајна светлина, во времето на ропство да се види слобода и во времето на сегашната слабост да се види натприродна моќ“[40].

Така, со сигурност може да се каже дека една од основните причини за подготовката на новомачениците од страна на нивните духовници за доброволно да пристапат кон маченииштвото и храбро да го издржат, е да се нагласат верските чувства кај верниот народ и да се зацврсти нивната истрајност во православието[41]. Несомнено, највпечатливото и најефикасно оружје на Црквата во спротивставувањето и борбата со опасноста за исламизација било маченииштвото на нејзините верни чеда.

Од друга страна, среде неподносливите услови за живот на христијаните во Османлиската Империја, единствениот начин за да го сочуваат своето достоинство и да ја почувствуваат својата надмоќност и возвишеност над поробувачот, бил трогателниот пример на новомачениците, а особено доброволното пристапување кон маченииштво на отпадниците од Христа. Верниот народ, како и во првите векови од историјата на Црквата, гледал на маченииштвото како на најголем пораз за гонителите и како на најголема победа на немоќните, на смирените и на

[38] Ονουφρίου Ιβηρίτη, *op. cit.*, 162-163.
[39] Ibid.
[40] Νικοδήμου Αγιορείτη, *op. cit.*, 10.
[41] Ονουφρίου Ιβηρίτη, *op. cit.*, 59.

презрените. „Маченииштвото е јасно и природно чувство на победа“, вели свети Максим Исповедник, „зашто преку него се станува востаник против страстите“[42]. Затоа, маченииштвото најпрво придонесува за зачувување на оптимизмот за конечната победа и дејствително ја буди надежта за раскинување на сите окови и повторно стекнување на слободата.

[42] Μαξίμου Ομολογητή, Επιστολή 14, PG 91, 544B.

Viktor Nedeski
Ortodox theological faculty ″St Clement of Ohrid″, Skopje

summary

Martyrdom is a manifestation of the suffering and death of Christians for their faith. This phenomenon dates back to the earliest history of the Christian Church. During the Ottoman rule in the Balkans, martyrdom became relevant again in the form of the "new martyrs". A special group of new martyrs is made up of Christians who have converted and later repented. In order to be forgiven for the sin they had committed, they became "self-initiated martyrs" by voluntarily resorting to martyrdom. The group of "self-initiated martyrs of the apostates" whose representatives are found among all the peoples of the Balkans is the topic of interest of this research.